## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,06 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 132 седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатски-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име, првпат да го поздравам меѓу нас претседателот на Европскиот парламент, неговата екселенција, господинот Хозел Борел Фонтејес.

(Аплауз)

Почитуван господине Борел,

Оваа година Република Македонија ја започна како земја кандидат за членство во Европската унија. Тоа претставува признание за оствареното но и обврска за новите задачи по чие исполнување веруваме дека ќе ни биде отворен патот за отпочнување на преговорите за полноправно членство во Унијата. Во Република Македонија е создаден нов интегрирачки амбиент што ги обединува државните, партиските и општествените структури во забрзувањето на неопходните реформи и обврски. Заедничка е готовноста и верувањето дека сакаме и имаме капацитет да го фатиме чекорот за следното проширување на Европската унија. На тој пат, покрај заокружувањето на реформите во повеќе сфери на општественото живеење, наскоро не очекува клучен тест на реализирање на фер , слободни и демократски избори.

Македонија тоа го може, Македонија тоа го знае, Македонија е тоа, слободна, демократска, мултиетничка и мултикултурна заедница.

Почитуван господине Борел, ве повикувам да се обратите на Собранието на Република Македонија.

**Хозел Борел Фонтејес:** Почитуван господине претседател, почитувани пратеници. Тоа е се што знам на македонски.

Господине претседателе на Република Македонија, господине премиер, господине претседател на Парламентот, дами и господа пратеници. Простете што не можам да продолжам да говорам на вашиот јазик, но, сакам да кажам и да ви го пренесам целото мое задоволство што го чувствувам како претседател на Европскиот парламент, што сум денес овде меѓу вас и да можам да ви оддам почит за заслугите што ги имате во однос на постигнувањето на статусот на земја кандидат за пристапување кон Европската унија. Тоа не е никаков подарок, ниту пак никаква услуга. Тоа е признание на улогата што вашата земја ја има одиграно во стабилизарањето на Балканот. Тоа е признание за напредокот што го има постигнато вашата земја на патот кон градбата, како што рековте вие господине претседател на Собранието, во градбата на една демократска мултиетничка и мултикултурна држава.

Со искажувањето на важноста на тоа што станавте земја кандидат за членство во Европската унија, јас сакам пријателски да ви укажам на тоа дека пречките на овој пат ќе бидат значителни. Тоа ви го велам како Шпанец.

Мојата земја Шпанија, пред многу години исто така мораше да го изоди овој долг пат, пред да стане членка на Европската унија. Од смртта на генерал Франко до нашето влегување во Европската унија, минаа 12 години и во текот на тие години ние моравме да преговараме и тоа цврсто да преговараме. Но, она што е важно не се потешкотиите кои секако дека ќе ги има, туку важно е тоа што патот веќе е истрасиран. Возот на Македонија веќе е поставен врз шините.

Оваа Република која порано беше дел од Југославија е земја која дојде до својата независност со многу помалку проблеми отколку другите. Од поранешните републики кои беа дел и ја формираа поранешна Југославија, вие поминавте низ многу помалку потешкотии и со многу помалку драми. Но, исто така моравте да минете, кон крајот на минатиот век, на почетокот на 2000 година, низ тешкотиите и тоа значајни. Но, вие тогаш покажавте дека сте способни со целосно достоинство да прифатите над 360,000 бегалци кои бегаа од етничкото чистење кое се случуваше во соседните земји. Јас верувам дека компромисот или посветеноста која ја покажа Европската унија тогаш е пример кој ние мораме да го продолжиме. Посветеноста со која вие ги применивте договорите од Охрид, вашата обврзаност за спроведување на овие договори, оправдува што денеска сте земја кандидат. Вие го прифативте предизвикот да живеете заедно, да живеете заедно народи од различни култури, вери, јазици, традиции и истории. Ова е земја која дава добар пример за тоа како етничките национализми можат да бидат надминати со една волја за интеграција и тоа демократска интеграција. На овој пат, верувајте ми, поддршката на Европската унија ќе продолжи. Прво беше воена помош. Потоа беше соработка на полето на полициските активности, а потоа дојдоа програмите што ги развива сега Европската агенција за реконструкција. Европа може да се чувствува задоволно од своето учество во настаните во врска со решавањето на

сите оние настани кои ја потресоа вашата земја и со право во Брисел се вели дека надворешната политика и заедничката безбедност на Европската унија, всушност се роди кога се појави драмата на Косово. И Европската унија за среќа не ги повтори овде, на почетокот на 2000 година, не ја повтори катастрофалната грешка која ја направи во 90-тите години, со тоа што не се зафати, така како што требаше, во помошта да се решат проблемите кои се појавија со дезинтеграцијата на Југославија. За среќа, тогаш сфативме дека нашата судбина е неразделно врзана за вас и во тоа и натаму веруваме. Ние сакаме да работиме заедно за една заедничка иднина. На тој пат вие морате да завршите значајни реформи. Вие морате да продолжите со процесот на децентрализацијата за да можат општинските власти целосно да ги остваруваат своите компетенции. Потребно е да се постигне една рамноправна застапеност на малцинствата во органите на полицијата, во органите на правосудството и во јавната администрација. Треба да се поддржуваат сите мерки насочени кон олеснување на соживотот и почитувањето на другиот, особено во образованието затоа што идентитетот што се создава во образовниот систем, бидејќи никој не се раѓа со веќе даден идентитет. Идентитетот се гради во социјалното опкружување во кое живее и образованието е најважниот дел на тоа општествено опкружување. Според тоа реформата на вашиот образовен систем е нужен услов за младите веќе да не се идентификуваат само во функција на своето етничко потекло и да се засолнуваат во него, градејќи психолошки бариери наспроти другите.

Сакам да ја истакнам важноста на иницијативите што вие ги реализиравте. Во овој град на 30 и 31 март во насока на вклучувањето на Ромите.

Исто така пред вас сакам да ги прокоментирам скорешните законодавни избори. Сите погледи ќе бидат насочени кон вас со цел да се процени вашата способност да ги примените препораките на ОБСЕ и ОДИХР (Канцеларија на демократски институции и човекови права).

Ние, Европската унија ќе дадеме свој придонес во мисијата за набљудување на овие избори и не треба да има никакво сомневање во нивното нормално одвивање. на чистотата на овие избори. Од императивно значење се проблемите кои ги имаше на претходните избори, да се разрешат. За Европската унија многу е важно политичкиот консенсус што беше изработен и сакам за тоа да и оддадам почит на вашата Влада. Значи, политичкиот консензус што се изгради меѓу мнозинството и опозицијата, да се задржи.

Како што знаете,средбата на нашата мешовите парламентарна комисија е одложена по овие избори. Значи ќе треба да се почека нивното завршување за да можеме да продолжиме со нашиот парламентарен дијалог, кој со моето присуство денес е високо претставено.

Сакам да ја искористам оваа пригода да ја истакнам важноста што ја имаат односите меѓу Европскиот парламент и Парламентот на вашата земја за консолидирање владеењето на правото и инкорпорирањето европското законодавство во законодавството на вашата земја. Не е доволно само да се донесуваат закони тие треба и да се применуваат. Полесно е да се изгласаат тие во Парламентот, отколку истите тие да се претворат во норма, стандардно однесување што се признава и се применува во општеството. Затоа, сакам да ви објаснам тоа што нашиот Парламент го изгласа на 16 март минатата година по Резолуцијата за која подетално ќе ви зборувам утрово, а во која потврдуваме дека да се изгради полиција, јавна администрација и правосуден систем кои се навистина независни, претставува основен предуслов за какво било приклучување кон Европската унија.

Исто така сакам да ви укажам и на големите реформи и напори што ги правите на економски план.

Вашата земја денес има важна макроекономска стабилност и високо ниво на невработеност. Вие ја контролирате инфлацијата и тоа е значителна заслуга, имајќи предвид дека во 90-тите години инфлацијата достигнуваше до 700%, а денес имате речиси стабилни цени. Вие имате една стапка на раст од 4% годишно, стапка која е многу повисока од таа на Европската унија. Но, за жал, тоа е раст кој не отвора доволно работни места. Може економски да се расте, но не се намалува ни нивото на невработеност. Затоа многу е важно да се продолжи со градењето на една законодавна рамка која ќе ги поттикнува странските инвестиции.

Знаете, ние во Европската унија создадовме еден единствен инструмент за претпристапување. Се надевам дека со него ќе се зголеми ефикасноста, брзината и транспарентноста на нашата помош за да им се покаже на населението дека вие сте цврсто врзани за европската перспектива.

Исто така сакам овде да ви кажам дека неопходно е Европската унија да ја направи пофлексибилна својата визна политика. Комисијата така предложи, а Совет ја прифати идејата.

Знам дека вашиот министер за надворешни работи наскоро ќе зборува за тоа со комесарот Сартини. Значи да се флексибилизира за да се олесни, е првата етапа кон една целосна либерализација на движењето на населението, а тоа секако дека е нешто потребно за да може вашата земја подобро да биде поврзана со европската перспектива. Европскиот парламент на слободата на движење е од особена важност.

Неодамна ние побаравме земјите кои се уште имаат рестрикции во однос на слободното движење на работниците кои доаѓаат од новите земји членки, тие што побргу да ги отстранат таквите рестрикции и оваа иста логика веруваме дека треба да биде применета преку соодветни

постапки и со соодветен ритам, започнувајќи со оние сектори од населението, студентите, истражувачите и деловните агенти на кои тоа најмногу им е потребно.

Дами и господа пратеници, господине претседателе,

Ние исто така веруваме дека регионалната соработка мора да се зголеми. Тешко може да замисли човек дека некој може подобро да се разбира со земји кои се наоѓаат подалеку, доколку не е во можност добро да се разбере со оние кои се наоѓаат најблиску. Затоа Европската унија бара од сите земји на Западен Балкан, на Балканот, да се обврзат на еден процес на регионална соработка. Само регионална соработка може да ни овозможи да се бориме против организиараниот криминал, да одиме напред во етничкото помирување и верското помирување, да го овозможиме враќањето на бегалците и на раселените лица кои сеуште не можат да си се вратат во своите домови. Се уште има над 500,000 жители на Балканот, од поранешна Југославија, кои се наоѓаат во една ваква ситуација на откорнатост од своите домови.

Регионалната соработка е многу важна за привлекување на странските инвестиции. Секој од вас е многу мал за да можат да се создадат пазарни зони кои ќе привлечат странски инвестиции. Економските односи со вашите соседи мора да се зголемат. Вашиот главен економски партнер е Србија и Црна Гора. Тие имаат 11% од увозот и 30% учествуваат во извозот. Но вашата размена со другите соседи е сосема ограничена. Тие се само 12% од вашиот извоз, додека пак над 44% одат кон Европската унија. Треба да се подобри оваа размена со наблиските економски области. Затоа ние ја поддружуваме идејата да се создаде слободна трговска зона во регионот на Балканот.

Оваа мерка треба да ги надополни постојните билатерални договори кои веќе постојат и влегува во логиката за европска интеграција. Вие не можете да влезете во интегрирана зона пред самите да се интегрирате меѓусебе.

Сакам јасон да ви кажам дека никој не треба во овие поставки да гледа некаква чудна намера за реконструкција поранешна Југославија, како што некој го има речено овој аргумент кој нема никаква смисла. Историјата не може да оди наназад. Но, во денешниот момент и гледајќи кон иднината, ќе мора да се изградат економски врски во контекстот што некогаш порано претставуваше Југославија, а која сега е збир на земји кои секоја поединечно аспирира кон интегрирање во Европската унија.

Сакаме овие размени да се олеснат и затоа го поддржувам проширувањето на вашите најблиски соседи кон ЦЕФТА. Истакнувам дека и Хрватска е член уште од 2003 година.

Ја поздравувам средбата одржана во Букурешт, пред неколку дена, каде што седнавте и ги поставивте основите на една нова слободна трговска зона. Тоа е добра вест. Тоа е многу важна етапа на патот кон интеграцијата во ЕУ.

Исто така, ја поздравувам и неодамнешната регионална конференција што ја одржавте, а во врска со социјалната заштита, што е во насока на засилување на кредибилитетот на една заедница на енергии во Југоисточна Европа. Сето тоа треба да ја оневозможи практиката да дејствувате секој за своја сметка и на своја страна. Оваа европска перспектива ќе треба да се зголеми и зајакне на тој начин, а воедно и во сите земји што произлегоа од поранешна Југославија. Европската унија ќе направи се што може за да го подржи овој процес.

Од моите контакти со влстите, кои истото тоа ми го истакна, знам дека иднината на Косово е многу важно прашање и за иднината на оваа земја. Знаете дека Европската унија е целосно посветена кон обезбедување на една иднина за соседот Косово, затоа што тоа е еден предизвик за целиот регион, но и за целата меѓународна заедница.

Знаеме дека данокот што вие го плативвте пред седум години, како последица на пренесувњето на етничкирте конфликти во вашата земја, конфликти што го потресуваа Косово, беше многу висок.

Парламентот смета дека решението на проблемот на статусот на Косово може единствено да се засновува врз едно мултиетничко Косово. Неговата теририторијална целовитост треба да ја гарантираат Обединетите нации и Европската унија.

Во Босна и Херцеговина на 18 март веќе се направени охрабрувачки чекори. Во Србија и Црна Гора веќе се отвори патот за преговори во врска со Договор за стабилизација и асоцијација. Значи целиот Балкан е зафатен со еден процес во кои што европската перспектива е императив за сите нас, а особено за вас.

Затоа, дозволете ми да ви кажам, исто така, дека Европската унија треба да биде способна да може да се соочи со тој предизвик. Значи, не сте само вие тие кои треба да направите напори, исто така и јавното мислење во Европската унија мора да сфати зошто и за што Европа мора повторно да се обедини.

Кога зборувам, не зборувам за проширување, туку зборувам за реунифицирање. Проширувањето, се чини како да има некој кој е различен од другите, што сега се проширува врз другите. Не се работи за проширување. Се работи за надминување на едно тажно наследство од Хитлер и Сталин кои ни оставија еден поделен континент, земји подложнени на тешки историски услови, а ги споделуваат истите историски корени и сакаат својата иднина да ја градат врз сопствените и заедничките вредности.

Но, треба да постои свест дека Европската унија денес, исто така, минува низ многу важни политички потешкотии, затоа што имаме одредена криза на идентитет, на дефиниција на нашиот проект. Ние имаме постигнато мир

меѓусебе и сега се прашуваме што понатаму, што е она другото што сакаме да го направиме заедно.

Одбивањето од страна на Французите и Холанѓаните на Уставот постави една кочница во процесот на политиката на Еврпската Унија. Сега се наоѓаме во фаза на размислување, на интроспекција, на поглед кон внатре. И вие, исто така, треба да учествувате во него.

Затоа, ми се чини дека денеска е многу важно една делегација на вашиот Парламент да присуствува во Брисел, следниве неколку дена, на 8 и 9 мај на една голема средба на сите европски парламенти за да може заедно да ја продискутираат иднината на нашата Унија. Една иднина што мора да се засновува, од една страна врз столбот на реунификација на сите со сите и столбот на продлабочување на механизмите, т.е. институционалните механизми што ќе ни овозможат да функционираме ефикасно. Оние што денеска ги имаме, оние што се произлезени од Договорот во Ница не се, без сомнение доволно ефикасни за да може да овозможат функционирање на една Унија од 25, можеби наскоро 27 или 29 земји - членки. Тие беа осмислени кога Унијата беше составена од многу помалку земји што беа похомогени меѓу себе и нема сомнение дека Европската унија има потреба од реформа што не смее да се одолговлечува, за да може Европската унија да има потребна сопсобност за апсорпција, со што ќе можеме да прифатиме нови земји членки.

Да, и вие треба да бидте подготвени, но и ние едновремено треба да се подбготвиме. Вие треба да ги исполните сите политички услови, економските услови што ви се поставени, но ние пак, треба да бидеме способни да ве прифатиме. А, тоа значи напор, напор од педагошка политика, за да им се објасни на Европејците кои се причините за овој процес. Потоа, осовременување и на нашите институционални механизми, не само економски.

За среќа, веќе имаме или наскоро ќе имаме една финансиска перспектива за годините 2007 - 2013. Но, понатаму од поделбата на средствата што никогаш не се доволни, има институционални механизми што мора да бидат поставени на ниво на новата димензија на Европската унија.

Токму затоа сакам моето присуство овде да послужи за остранување на било какво сомневање во однос на Резолуцијата што беше изгласана во Европскиот парламент на 16 март, а што претходно ја спомнав, резолуција чиј противник беше мојот колега, господинот Брок.

Сакам сосема јасно да кажам дека се работи за тоа да им се понуди на земјите, што во моментов немаат перспектива за пристапување, да им се понуди една мултилатерална потесна соработка од онаа што денеска ја нуди соседската политика. За оние кои немаат перспектива на пристапување, да им се понуди еден мултилатирален однос, подинамичен од оној што сега го имаат. А оние кои веќе ја имаат ваквата парспектива отворено, а тоа е случајот со вашата земја, едно етапно пристапување што им се предлага на другите да биде само еден чекор напред кон целосно пристапување. Нешто што никој во Европскиот парламент не го оспорува ниту дискутира.

Сакам да биде сосема јасно, бидејќи во Унијата владее правото и се засновува врз обврските што ги презема, па затоа европската перспектива на Балканот се согледува како реафирмирана и од Советот на министри, на неодамнешната средба во Салзбург, како и во нашта Резолуција, што беше изгласана на 16 март.

Дами и господа сакам да завршам со тоа дека Европската унија ви даде еден конкретен предлог минатиот месец. Сега е можност тоа да се искористи. Да се забрзаат реформите, да се продолжи напред по патот по кој што сте тргнале, пат кој, сакам да повторам, нема да биде лесен. Но, имајќи предвид како ги надминувате огромните потешкотии што ги имавте во минатото, сигурен сум дека ќе успеете да ги надминете и оние што стојат пред вас.

Затоа ви препорачувам да бидете упорни, целосно, до последниот здив да се ангажирате и да бидете убедени во историскат димензија на овој процес. Да ги заборавите малите инциденти, секојдневни, без да скршнете од патот што, без никакво сомнение, е природен пат на вашата земја и на сите земји, членки на Европската унија.

Многу ви благодарам.

(Громогласен аплауз).

**Љупчо Јордановски:** Почитуван претседателе на Европскиот парламент, господине Борел, топла благодарност за пораките што ни ги упативте како во врска со нашите така и во врска со европските перспективи.

Со тоа, ја заклучувам 132 седница на Собранието на Република Македонија.

Уште еднаш благодара.

(Седницата заврши со работа во 12,37 часот)